Ок. 1.157.4.68/225-226

# МЕСЕЧЕН ИЗВЕШТАЙ ПО СЛУЖБАТА ЕКОНОМСКА ОБНОВА НА ЗЕМИАТА ВО ОБЛАСТА.

Службата економска обнова на земйата времено се води од прочелникот на одделот Народно стопанство.По околиите оште не са организирани служби те како требе и обикновено се водат од прочелниците или референтите на другите служби.

По сведенийата добиени од техническиот оддел при областа во врзка со патиштата и мостовето,донесуваме следното:

Саобштенийата мегйу местата во целата област били са од Германскиот окупатор прекинати.Положението на патишчата е следното:

1. Патото Штип-Радовиш:

Дрвениот мост на 16-от клм.е бил малку оштетен а сега се саобракйайот врши преко обиколниот пат.Дрвениот материал за поправката му се приготвуе.На 21-от клм.двата моста со отвори околу 10 м.се разрушени.Железобетонниот мост на 27-о клм.е бил разрушен,а сега до него направен дрвен мост преку кого е пуштен веке саобракйайот.Мостот кой врзува Ново-Село - Штип е разрушен.Провизорниот пат е во лошо состойание и зимат се мерки да се разчисти бетонот од разрушениот мост и поправи патот.

2. Патот Радовиш-Струмица:

На 39-от клм.бетониот мост е разрушен.На старата траса се работи дрвениот мост и расчистува се разрушениот мост,за да се даде пат на реката,а саобракйайот се врши по обиколниот пат.На 45-от клм.дрвениот мост е малку оштетен,но саобракйайот се пак врши.Разрушениот мост на 48,400 клм.е направен и саобракйайот е пуштен преку него.На 52-от клм.е разрушен дрвениот мост и саобракйайот се врши по обиколниот пат.На 56-от клм. е разрушен мостот и минуванйето се врши по провизорниот пат.За тийа два моста материалот се приготвува.

3. Патот Струмица-Валандово:

На 11-от клм.до с.Костурно срушен е железниот мост.Предприемат се зидарски работи.Иначе целиот пат до Валандово е во добро положение.

4. Патот Валандово-Удово е во добро состойание.

5. Патот Удово-Гевгелийа:

На 131-от клм./од Скопйе/дрвениот мост со бетонски стубове е разрушен.Исто така и дрвениот мост на 145-от клм.е разрушен.Саобрйакйайот се врши по обиколниот пат.

6. Патот Валандово-Дойран-Гевгелийа:

На 16-от дрвениот мост е разрушен.Бетоните подпори скоро сите стойат.Обиколниот пат е доста опасен.На 18-от клм.бетониот мост е разрушен Направен е добар обиколен пат.На 18-от клм.и 500 м.бетониот мост е разрушен и саобракйайот се врши по направениот обиколен пат.На 20-от клм. бетониот мост е разрушен.Направениот обиколен пат е добар.На 24-от клм. бетониот мост со отвор од 20 м.е бил разрушен и направен е добар обиколен пат,а мостот продолжува да се разчистува со помокйта на войниците од 4 Бригада.На 25-от клм.дрвениот мост е бил разрушен и направен е добар обикулен пат,а сега се веке прави на истото место пак дрвен мост од войниците на 4 Бригада и грагйански мобилизираните работници;материалот е земан од с.Фурка кой е останал од Бугарската войска.На р.Вардар при Гевгелийа разрушениот мост е направен со бензински буринйа.

7. Патот Штип-Кочани:

На патот Штип-Кочани се разрушени само 2 моста.Разрушен е каменит мост до самиот гр.Штип,кой е после кратко време провизарно поправен и по него се врши саобракйайот.Прети опасност да голема вода однесе целата дрвена конструкцийа и поради тоа се земени мерки да се поправи заобиколниот пат и мостот при Ново-Село преку река Брегалница за минералната банйа "Кежовица".За овайа работа се земени войници од 3-от пионер. баталйон.

Мостот на Злетовска река е разрушен и е изработен провизорен мост по кой сеж врши саобракйайот.Истиот мост беше повреден од надошлата вода,но со помокйта на работна рака од 3-от пионерен баталйон,се поправи и усили.За расчистуванйе на желез.бетониот мост во гр.Кочани се испратийа 50 души,койи са веке започнали работата.

8. Патот Кочани-Царево Село-Берово:

Истибанскиот мост е бил разрушен и провизарно направен и саобракйайот се врши нормално,но се налага направа на нов по-солиден мост.Истиот при Тработивиште на Брегалница е разрушен и направен провизорно. Саобракйайот се врши нормално.

Има уште неколку мали мосотове разрушени но оспособени се за саобракйай.

9. Патот Берово-Струмица:

Има 3 главни моста разрушени.Провизорните мостове на той пат да-

ват возможност да се саобракйайот врши редовно.

Приготвува се градителен материал за извршуенйе на сите мостове во районот на областа.За тайа цел е изпратена една чета од 120 войника во гр.Берово,со задача да изсечат типизиран материал.

Саобракйайот по патиштата и мостовето во целата област се врши без пречки,кое се виде од горeизложеното.

Обнова на попалените села и градои од германскиот окупатор:

Во областа има околу 24 села и градои со околу 1100 кукйи изгорени и разрушени од германскиот окупатор.На обновата на изгорените села веке се работи.Техничкиот оддел при Областа е на мнение да изврши во секое село изгорено од окупаторот тахиметрийско сниманйе после определуенйето на местото од страна на комисийа во состав:лекар,агроном,геометар,представител на општинскиот Н.О.О.и представител на селскиот Н.О.О.Определени са местата на изгорените села Крупиште - Штипско и Рибарци - Струмичко.И двете села са веке снимани,изработен катастарски план и се работи регулационниот план.

С.Ф.-С.Н!

Прочелник:

Ин. Д. Масев

МИНИСТЕРСТВО за НАРОДНО СТОПАНСТВО
ПРИ ПРЕЗИДИЈУМОТ НА
А.С.Н.О.М.
Бр. 987
31-XII 1944 г.
СКОПЈЕ

III ОБЛАСТЕН НАР.-ОСЛОБ. ОДБОР НА МАКЕД.